**20221532068**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 став 1 и 3 и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК КНИЖНИ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 2000 ДЕНАРИ

1. Со оваа одлука се пуштаат во оптек книжни пари во апоен од 2000 денари со ознака на печатење „мај 2022“ и со белезите утврдени во Одлуката за издавање и основни белези на книжните пари во апоени од 200 и 2000 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 74/15) и Одлуката за издавање книжни пари во апоен од 2000 денари со изменети белези („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 49/21 и 83/22), почнувајќи од 1 август 2022 година.

2. Со пуштањето во оптек на книжните пари од точка 1 на оваа одлука во готовинскиот платен промет на Република Северна Македонија остануваат во оптек книжните пари во апоен од 2000 денари издадени според Одлуката за издавање и основни белези на книжните пари во апоени од 200 и 2000 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 74/15).

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/ X-7/2022
30 јуни 2022 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.